РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО
Бр. 08-2103/1
06-10 20 23 год.
Босилово

ОПШТИНА БОСИЛОВО

Врз основа на член 17а од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96..........35/19 и „ Сл.весник на РСМ", бр.275/19 и 89/2022) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик,начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување,начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен,односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на РСМ" бр.283/2022) Советот на општина Босилово,во својство на основач на претпријатието,објавува:

# Ј а в е н п о в и к

за избор на двајца членови на Управен Одбор на ЈПКД „Огражден"-Босилово

1. За членови на Управен Одбор на ЈПКД„Огржден"-Босилово кандидатите мора да ги исполнуваат следните услови:
   - да е државјанин на РСМ,
   - да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
   - во моментот на именување со правоосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција-забрана за вршење на професија,дејност или должност,
   - доказ за историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
   - изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна,морална,материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и вродостојноста на неведените податоци наведени во пријавата и за поднесената документација,
   - кратка биографија,
   - писмо за интерес/мотивација.
2. Покрај исполнувањето на наведените услови кандидатите треба да имаат и работно искуство од областа:
   - два члена треба да имаат најмалку пет години работно искуство во областа на дејноста на јавното претпријатие,

- еден член треба да има најмалку три години работно искуство во областа на финасиското работење,
- еден член треба да има најмалку три години работно искуство во областа на правните науки,
- еден член треба да има најмалку три години работно искуство во областа на техничките науки,

3. Мандатот на избраните членови е четири години со право на уште еден последователен мандат.
4. Висината на надоместокот за избраните членови на Управниот Одбор на јавното претпијатие дополнително ќе биде утврден со одлука на Советот на општина Босилово.
5. Доказите за исполнување на бараните услови да се доствaт до архивата на општина Босилово, с.Босилово бб, во оригинал или копија заверена кај нотар,
6. Рок на пријавување на кандидатите е 8 дена од денот на објавата,
7. Комисијата за селекција по јавниот повик,по пат на администартивна селекција и интервју,подготвува и доставува предлог листа на најдобро рангирани кандидати до Советот на општина Босилово.
8. Советот на општина Босилово во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот,ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Управен Одбор на ЈПКД „Огражден“-Босилово.
9. Јавниот повик ќе биде објавен на веб-станицата на општина Босилово и на огласната табла на ЈПКД„Огражден“-Босилово.

Совет на општина Босилово
Претседател,
Мито Андонов